**20110531469**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр.07-1995/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА**

Член 1

Во Законот за трговија (“Службен весник на Република Македонија“ број 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/10, 158/10 и 36/11), членот 23-б се менува и гласи:

“Министерот за економија на барање на трговецот на мало издава лиценца.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на два идентични образци со еден прилог на докази.

Кон барањето за издавање на лиценца трговецот на мало е должен да достави:

1) документ за тековната состојба на трговецот на мало, издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

2) изјава за исполнетост на минимално техничките услови за продажниот објект во кој се врши продажба на алкохолни пијалаци и

3) доказ за уплатен надоместок во износ од 20.000 денари.

Доколку се исполнети условите од ставот 3 на овој член, министерот за економија ја издава лиценцата во рок од пет дена од денот на поднесувањето на барањето.

Кон барањето за продолжување на лиценца, трговецот на мало е должен да достави доказ за уплатен надоместок за продолжување на лиценцата.

Лиценцата се запишува во регистар за издадени и одземени лиценци, кој го води Министерството за економија.



www.pravdiko.com

Министерот за економија поблиску ги пропишува:

- минимално-техничките услови за продажниот објект во кој се врши продажбата на алкохолни пијалаци од членот 23-а ставови 4 и 5 на овој закон,
- формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член,
- формата и содржината и образецот на лиценцата и
- формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци.

Секоја промена која влијае на условите потребни за издавање на лиценцата, трговецот на мало е должен да ја пријави до Министерството за економија во рок од пет дена од денот на настанувањето на промената.”

Член 2

Во членот 23-в ставот 4 се менува и гласи:

“Против решението од ставот 3 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 3

По членот 23-в се додаваат два нови члена 23-г и 23-д, кои гласат:

“Член 23-г

Против решението од членот 23-б на овој закон на министерот за економија, со кое е одбиено барањето за издавање на лиценцата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 23-д

Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата не ја издаде лиценцата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценца во рокот од членот 23-б став 4 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот за економија, за донесување на решение по поднесеното барање.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за економија.

Кон барањето од ставот 1 на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од членот 23-б став 1 на овој закон.

Министерот за економија е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на министерот за економија да донесе решение со кое барањето од ставот 1 на овој член е уважено или одбиено. Доколку министерот за економија нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството за економија.

Доколку министерот за економија не донесе решение во рокот од ставот 4 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 5 на овој член да изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кој го задолжува министерот за економија во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.



www.pravdiko.com

Доколку министерот за економија не одлучи во рокот од ставот 7 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку министерот за економија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 10 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите 6 и 7 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите 8 и 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот на ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 13 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 11 од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот за економија не одлучи во рок од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за економија.“

Член 4

Подзаконските акти од членот 23-б став 7 алинеја 2 на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.



www.pravdiko.com

Член 5

Одредбите од членот 2 на овој закон со кој се менува ставот 4 на членот 23-в и членот 3 од овој закон со кој се додава нов член 23-г ќе започнат да се применуваат со започнувањето на применатa на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.



www.pravdiko.com